ISSN 1857-5323

# БИЛТЕН

## НА УНИВЕРЗИТЕТОТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ

**УНИВЕРЗИТЕТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ**

**ISSN 1857- 5323**

# Б И Л Т Е Н

## НА УНИВЕРЗИТЕТОТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ

**Бр. 67**

**Скопје, 04.02.2019 година**

Издавач:
**УНИВЕРЗИТЕТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ**

Главен и одговорен уредник:
**Проф. д-р Тони Васиќ**

Печати:
**УАКС Скопје**

Тираж: **20 примероци**

# СОДРЖИНА

**Стр. 5**
**РЕФЕРАТ**
за избор на наставник во сите насловни звања по група предмети од областа маркетинг на Факултетот за деловна економија и организациони науки при Универзитетот Американ колеџ Скопје, во Скопје

**Стр. 11**
**РЕФЕРАТ**
за избор на наставник во сите насловни звања по група предмети од областа на применета економија на Факултетот за деловна економија и организациони науки при Универзитетот Американ колеџ Скопје, во Скопје

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСЛОВНИ ЗВАЊА ПО ГРУПА ПРЕДМЕТИ ОД ОБЛАСТА МАРКЕТИНГ НА ФАКУЛТЕТ ЗА ДЕЛОВНА ЕКОНОМИЈА И ОРГАНИЗАЦИОНИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ

Со Одлука бр. 14-1434 од 21.09.2018 година, донесена на седница на наставно-научниот совет на Факултет за деловна економија и организациони науки, одржана на 21.09.2018 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во насловно звање вонреден професор од областа маркетинг на Факултет за деловна економија и организациони науки при Универзитет Американ Колеџ Скопје.

Конкурсот за овој избор беше објавен во "Незавсен весник" на 10.09.2018 година и во предвидениот рок се пријави:

1. *Доц. д-р Филип Ивановски*

Врз основа на приложената документација од пријавениот кандидат, на Наставно - научниот совет на Факултет за деловна економија и организациони науки му го поднесуваме следниот

## И З В Е Ш Т А Ј

***Биографски податоци***

Филип Ивановски е роден на 19.12.1971 година. Основното образование го завршил во ОУ "Едвард Кардељ" (денешно ОУ "Ѓорѓија Пулевски" во општина Аеродром во 1986). Средно училиште завршил во УСО "Раде Јовчевски-Корчагин" во Скопје во 1990 година и во истата година се запишал на Машински факултет на Универзитет "Св. Кирил и Методиј" во Скопје. Дипломирал на отсекот за производно машинство во јуни 1996 година и почнал со волонтерска работа како инженер во одделот за развој на компанијата СЕФ Скопје.

Во септември 1997 година почнал волонтерска работа во Пивара Скопје АД, каде од јануари 1998 стапил во работен однос во Секторот за развој, каде што работел како инженер се до септември 2002 година. Во септември 2001 година како стипендист на Пивара Скопје АД, ги почнал постдипломските студии на Сити Колеџот во Солун, на дисперзираните МБА студии на Универзитетот Шефилд од Велика Британија. Студиите ги завршил на смерот "Општ менаџмент" на 20-ти јули 2005 година со одбрана на магистерската работа со наслов *"Private label trends in FYR Macedonia, retailers' motives, key success factors for introduction and customers perception"*.

Од септември 2002 до септември 2004 година, Ивановски бил раководител на Оделот за одржување и развој на Словин Југококта АД, кога компанијата освен со полнење на брендовите Јупи и Кокта, почнала со производство и лансирање на францускиот бренд Оранжина.

Паралелно со тој ангажман, Ивановски бил консултант за новиот старт-уп бренд на флаширана вода Горска. За помалку од 2 години, грин-филд проектот за пуштање на производство на брендот "Горска вода" успешно завршил и во октомври 2004 година Ивановски станал извршен директор на таа компанија. Под негово раководство, во следните 6 години производите под брендот Горска стануваат едни од најуспешните и најпродавани во категориите вода и сокови на пазарот во Македонија и пошироко.

Во декември 2010 година, Ивановски бил назначен за извршен директор на Пакомак ДОО, новоформирана компанија од страна на 11 големи македонски компании од прехрамбената индустрија. Основна дејност на компанијата е организирање на систем

за селекција и рециклирање на амбалажниот отпад што го создаваат граѓаните и компаниите. Компанијата од тогаш бележи континуиран раст и станува препознатлив бренд во делот на заштита на животната средина и рециклирањето на отпадот.

Во јануари 2007 година, Ивановски го почнач својот ангажман на Универзитет Американ Колеџ како предавач по предметот "Продажен Менаџмент", а од 2009 година и по предметите "Оперативен Менаџмент" и"Основи на управување со операции" на додиплмските студии.

На 08.10.2009 година на Факултетот за деловна економија и организациски науки (ФДЕИОН) при УАКС, м-р Филип Ивановски бил избран во соработничко звање асиситент по група предмети од областа на маркетинг и менаџмент.

Во јуни 2009 година, м-р Ивановски запишал докторски студии од областа на маркетинг на Економски Факултет при Универзитет "Св. Кирил и Методиј" во Скопје. На 04.09.2009 година, ННС на Економски факултет- Скопје ја одобрил темата за докторска дисертација поднесена од комисијата во состав: проф. д-р Нада Секуловска, проф.д-р Бобек Шуклев и проф.д-р Снежана Ристевска-Јовановска.

На 26.12.2013 година м-р Филип Ивановски ја одбранил својата докторска дисертација под наслов "*Физичко позиционирање на производот во малопродажните објекти и негово влијание врз продажбата и профитабилноста"*, со што се стекнал со научниот степен доктор на економски науки, согласно Уверение бр. 0903-4014/1 од 27.12.2013 година издадено од Економски факултет во состав на Универзитет "Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

На 07.04.2014 на 4-тата седница ННС на Факултетот за деловна економија и организациони науки (ФДЕИОН) при УАКС, д-р Филип Ивановски е избран во наставно-научно звање Доцент по група предмети од областа на менаџмент и маркетинг на ФДЕИОН. Изборот е направен на предлог на рецензентската комисија во состав: вон.проф. д-р Нинко Костовски, проф.д-р Зоран Шапуриќ и доц.д-р Илијана Петровска.

***Наставно-образовна и научно-истражувачка дејност***

Во летниот семестар во учебната 2006/2007 година, Ивановски почнал да држи настава по предметот "Продажен менаџмент" на Факултет за деловна економја и организациони науки при УАКС. Во 2009 година почнал со настава и вежби и по предметот Оперативен Менаџмент на пост-дипломски и додипломски студии.

Во 2011 година Ивановски издал учебно помагало по предметот "Продажен Менаџмент", а во периодот од изборот за Доцент досега ги има објавено следниве трудови објавени во меѓународниспсанија:

1. Sapuric Z., Ivanovski F. (2014), **The potential of bio-waste management in Macedonia**, *International Journal of Ecosystem and Ecology Science*, Vol.4, Issue 1, p.513, 2014
2. Sapuric Z., Ivanovski F. (2015), **Public awareness and household separate waste collection Case study in Macedonia**, *International Journal of Ecosystem and Ecology Science,* Vol.5, Issue 4, p.495, (2015)
3. Sapuric Z., Dimitrovski D., Dimitrovski M., Ivanovski F. (2016), **Medical Waste Incineration in Skopje. Regulations and Standards**, *Journal of Environment Protection and Ecology 17,* No2, 805-812 (2016)
4. Sapuric Z., Ivanovski F. (2016), **The Implementation of EU Electrical and Electronic Waste Legislation and Standards in Macedonia**, *International Journal of Ecosystems and Ecology Sciences*, Vol.6 (4), p.581-586 (2016)

5. Sapuric Z., Kochubovski M., Dimitrovski D., Ivanovski F. (2017), **Future potentials of regional landfill Drisla in Skopje**, *Journal of Environmental Protection and Ecology* 18, No2, p. 597-604 (2017)
6. Sapuric Z., Ivanovski F., Dimitrovski D. (2017), **Challenges of waste management in city of Skopje**, *International Journal of Ecosystems and Ecology Sciences* (ISEES), Vol 7/4, p.743-748 (2017)
7. Sapuric Z., Ivanovski F., Dimitrovski D. (2018), **Challenges of the implementation of air quality regulation and standards in Macedonia**, *International Journal of Ecosystems and Ecology Sciences* (ISEES), Vol 8/4, p.839-844 (2018)

| Труд | Објавен во последните 5 години пред распишување на конкурсот | Рецензирано списание | Референтна научна публикација |
|---|---|---|---|
| Zoran Sapuric, Filip Ivanovski, Dame Dimitrovski (2018), **Challenges of the implementation of air quality regulation and standards in Macedonia**, International Journal of Ecosystems and Ecology Sciences (ISEES), Vol 8/4, p.839-844 (2018) | Да, 2018 | Да. Утврдено според расположливи информации на интернет страницата од списанието | Да. Web of Science.<br>Научно списание во кое трудовите кои се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование. |
| Zoran Sapuric, Filip Ivanovski, Dame Dimitrovski (2017), **Challenges of waste management in city of Skopje**, International Journal of Ecosystems and Ecology Sciences (ISEES), Vol 7/4, p.743-748 (2017) | Да, 2017 | Да. Утврдено според расположливи информации на интернет страницата од списанието | Да. Web of Science.<br>Научно списание во кое трудовите кои се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование. |
| Zoran Sapuric, Mihail Kochubovski, Dame Dimitrovski, Filip Ivanovski (2017), **Future potentials of regional landfill Drisla in Skopje**, | Да, 2017 | Да. Утврдено според расположливи информации на интернет страницата од | Да. Web of Science.<br>Научно списание во кое трудовите кои се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Journal of Environmental Protection and Ecology 18, No2, p. 597-604 (2017) | | списанието | списанија со трудови достапна на интернет, како Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование. |
| Sapuric Z., Ivanovski F., (2016), **The Implementation of EU Electrical and Electronic Waste Legislation and Standards in Macedonia**, International Journal of Ecosystems and Ecology Sciences, Vol.6 (4), p.581-586 (2016) | Да, 2016 | Да. Утврдено според расположливи информации на интернет страницата од списанието | Да. Web of Science.<br>Научно списание во кое трудовите кои се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование. |
| Sapuric Z., Dimitrovski D., Dimitrovski M., Ivanovski F, (2016), **Medical Waste Incineration in Skopje. Regulations and Standards**, Journal of Environment Protection and Ecology 17, No2, 805-812 (2016) | Да, 2016 | Да. Утврдено според расположливи информации на интернет страницата од списанието. | Да. Web of Science.<br>Научно списание во кое трудовите кои се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование. |
| Sapuric Z., Ivanovski F,(2015), **Public awareness and household separate waste collection Case study in Macedonia**, International Journal of Ecosystem and Ecology Science, Vol.5, Issue 4, p.495, (2015) | Да, 2015 | | Да. Web of Science.<br>Научно списание во кое трудовите кои се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование. |
| Sapuric Z., Ivanovski F,(2014), **The potential of bio-waste management in Macedonia**, International Journal of Ecosystem and Ecology Science, Vol.4, Issue 1, p.513, 2014 | Да, 2014 | | Да. Web of Science.<br>Научно списание во кое трудовите кои се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како Ebsco, Emerald, |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование. |

Меѓународното списание *Journal of Environmental Protection and Ecology* за 2017 година има импакт фактор 0.679, а петгодишниот импакт фактор е 0.523.

Меѓународното списание *International Journal of Ecosystems and Ecology Sciences* за 2017 година има импакт фактор 1.811, а тригодишниот импакт фактор е 1.378.

На анонимно спроведените анкети на студентите на ФДЕИОН, на првиот и вториот циклус студии по предметните програми, д-р Филип Ивановски е континуирано позитивно оценуван со високи просечни оценки. За академската година 2017/2018 оценките на д-р Ивановски за предметите од прв циклус студии "Продажен менаџмент" оценката изнесува 100% од вкупно 100%, а за предметот „Operations management„ изнесува 95% од вкупно 100%, додека за предметот од втор циклус студии „ Operations management „ изнесува 100% од вкупно 100%.

***Општествена дејност***

Ивановски бил член на Управниот одбор на Агенцијата за поддршка на претприменииштвото во периодот од 2003-2006 година, како и член на ИТ комитетот на Владата во истиот период.

Во моментот е претседател на Асоцијацијата за управување со посебни текови отпад при Стопанска Комора на Македонија, а неговата компанија е активен член на AmCham, Македонско-Холандската бизнис комора и Македонско-Германската асоцијација.

Во периодот од 2011 до 2018 година, Пакомак ДОО, кој го води Ивановски, е добитник на 4 награди за општествена одговорност кои ги доделува Министерството за економија на РМ, како и бројни признанија и благодарници од институции, организации и општини.

Во 2018 година Ивановски, како дел од Институтот за лидерски развој и менаџмент при УАКС, одржал над 30 обуки за развој на претприемништвото низ Македонија, а во организација и финансирано од Агенцијата за поддршка на претприемништвото во РМ.

Со својата активност и медиумска присутност, Пакомак ДОО и Ваносвки лично, силно придонесуваат за позитивно менување на општествените навики во однос на животната средина.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научно-истражувачката и стручно-апликативната дејност на кандидатот, како и неговата дејност од поширок општествен интерес. Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од почетокот на кариерата, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од последниот избор до денот на пријавата, а врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

Врз основа на увидот во поднесената професионална биографија и севкупното дејствување и творештво, комисијата смета дека доц. д-р Филип Ивановски искажува

висок интелектуален, творечки и педагошки потенцијал. Според референтноста на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека д-р Филип Ивановски поседува научни и стручни квалитети, референтност на стручната биографија и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот Американ Колеџ Скопје во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избран во звањето насловен вонреден професор во областа маркетинг.

Според гореизнесеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Факултет за деловна економија и организациони науки при Универзитет Американ Колеџ Скопје, д-р Филип Ивановски, да биде избран во звањето насловен *вонреден професор* во научната област маркетинг.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

проф. д-р Томе Неновски с.р.
Факултет за деловна економија и организациони науки,
Универзитет Американ Колеџ Скопје

проф. д-р Евица Делова Јолевска с.р.
Факултет за деловна економија и организациони науки,
Универзитет Американ Колеџ Скопје

проф.д-р Никица Мојсоска Блажевски с.р.
Факултет за деловна економија и организациони науки,
Универзитет Американ Колеџ Скопје

**РЕФЕРАТ**

**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСЛОВНИ ЗВАЊА ПО ГРУПА ПРЕДМЕТИ ОД ОБЛАСТА НА ПРИМЕНЕТА ЕКОНОМИЈА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ДЕЛОВНА ЕКОНОМИЈА И ОРГАНИЗАЦИОНИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ**

Со Одлука бр. 14-1434/8 од 21.09.2018 година донесена на седница на наставно-научниот совет на Факултет за деловна економија и организациони науки, одржана на 21.09.2018 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставници во насловно звање доцент по група предмети од областа на применета економија на Факултет за деловна економија и организациони науки при Универзитет Американ Колеџ Скопје.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весникот „Независен“ на 10.09.2018 година. Во предвидениот рок, на конкурсотсе пријавија следните кандидати:

*1. Д-р Благица Петрески*

По извршената анализа на приложената документација од единствениот пријавен кандидат,  на Наставно - научниот совет на Факултет за деловна економија и организациони науки му го поднесуваме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Благица Петрески е родена на 06.06.1984 година во Крушево. Своето образование го има започнато во Крушево, додека средното образование го завршила во Прилеп. Додипломски студии има завршено на Економски факултет - Прилеп, на Универзитет „Климент Охридски“- Битола, со просечна оценка од 9,8, во 2006 година. Магистерските студии по “Монетарна економија“, ги завршила на Универзитет „Кирил и Методиј“ во Скопје, во 2009 година, со просечна оценка од 9,5. На истиот универзитет има завршено докторат по економски науки во областа на финансиска стабилност. За целите на докторското истражување во 2013 остварила студиски престој на Институтот за економски истражувања при словачката Академија на науките, стипендиран од Министерство за наука и образование на Словачка и престој на ЦЕРГЕ при Карловиот Универзитет во Чешка. Дел од докторскиот труд кој се однесува на моделот за стабилност на осигурителниот сектор во Република Македонија, е поддржан од Женевската асоцијација за истражувања на ризици во осигурувањето и награден за најдобар труд од Агенција за супервизија на осигурувањето од Македонија за 2014 година.

***Наставно-образовна и научно-истражувачка дејност***

Благица Петрески активно придонесува кон истражувачката мисла. Има публикувано шест трудови во меѓународни рецензирани списанија, од кои пет трудови во списанија индексирани на Web od Science (со импакт фактор) и осум работни трудови. Таа била уредник на две книги, автор на една книга и една глава (дел) во книга. Листата на публикувани трудови е дадена во продолжение, со наведено списание и тип на публикација:

Книги и глави (делови) во книги

Petreski, B. and Tumanoska, D. eds (2018) “How to fix the future? Analysis of and proposals for selected public policies in Macedonia“. Finance Think - Economic Research and

Policy Institute.

Petreski, M. and Petreski, B. eds. (2016) “Migration as Social Protection: Evidence from Macedonian, Albanian and Serbian Remittance-receiving Households“. Lambert Academic Publishing.

Petreski, M., Petreski, B. and Tumanoska, D. (2016) “Could Remittances Shield Vulnerable Households in Transition Economies? In: Aysen Hic Gencer, İlyas Sözen and Selahattin Sari (Eds.) Eurasian Economies in Transition, Cambridge Scholars Publishing, p.86-106.

Petreski, B. (2012) „Analysis of the role of banking system for the economic growth: The case of Macedonia“. LAP Lambert Publishing.

Трудови во меѓународни рецензирани списанија, кои имаат импакт фактор, листирани на JCR – Thomson Reuters

| Труд | Објавен во последните 5 години пред распишување на конкурсот (10 септември 2018) | Рецензирано списание | Референтна научна публикација |
|---|---|---|---|
| Petreski, B.; Tumanoska, D.; Jorge D. and Petreski, M.(2018) New light on the remittances-poverty-health nexus in Macedonia. *International Migration,* 56 (5), p.26-41. | Да, 2018 | Да. Утврдено според расположливи информации на интернет страницата од списанието | Да. Web of Science.<br>Научно списание во кое трудовите кои се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование. |
| Petreski, B. and Petreski, M. (2018) Does motherhood explain lower wages for females in Macedonia? *Economic Research-Ekonomska Istrazivanja,31 (1), p. 352-375* | Да, 2018 | Да. Утврдено според расположливи информации на интернет страницата од списанието | Да. Web of Science.<br>Научно списание во кое трудовите кои се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Petreski, M., Petreski, B., and Tumanoska, D. (2016) Remittances as a shield to vulnerable households in Macedonia: The case when the instrument is not strictly exogenous. *International migration, 55 (1), p.20–36.* | Да, 2016 | Да. Утврдено според расположливи информации на интернет страницата од списанието | Да. Web of Science.<br>Научно списание во кое трудовите кои се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование. |
| Petreski, M. and Petreski, B. (2015) Dissatisfied, feeling unequal and inclined to emigrate: Perceptions from Macedonia in a MIMIC model. *Migration Letters, 12(3), p.300-314.* | Да, 2015 | Да. Утврдено според расположливи информации на интернет страницата од списанието. | Да. Web of Science.<br>Научно списание во кое трудовите кои се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование. |
| Petreski B (2015) “Empirical analysis of the risks and resilience to shocks of the Macedonian insurance system”. *The Geneva Papers on Risk and Insurance - Issues and Practice, 40(4), p.678-700.* | Да, 2015 | | Да. Web of Science.<br>Научно списание во кое трудовите кои се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование. |
| Petreski, M., Mojsoska-Blazevski, N. and Petreski, B. (2014) Gender | Да, 2014 | | Да. Web of Science.<br>Научно списание во кое трудовите кои се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во |

| | | | |
|---|---|---|---|
| wage gap when women are highly inactive: Evidence from repeated imputations with Macedonian data. *Journal of Labor Research*. 35(4), p.393-411. | | | најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование. |

**Работни трудови**

Petreski, B. and Gacov, P (2018) "Sustainability of the pension system in Macedonia: A comprehensive analysis and reform proposal with MK-PENS - dynamic microsimulation model". *Finance Think Policy Studies 2018-02/14, Finance Think - Economic Research and Policy Institute.*

PetreskiB and Mojsoska Blazevski, N. (2017) "Impact evaluation of the program for training, mentoring and internship/employment of persons exposed at social risk". *Finance Think Policy Studies 2017-07/8, Finance Think - Economic Research and Policy Institute.*

Petreski, B. and Tumanoska, D. (2016) "Active labor market policies: Challenge for the Macedonian labor market". *MPRA Paper 75879.*

Petreski, B. And Petreska, D. (2015) "The case study of "Krushevo women" as a model of social entrepreneurship". *MPRA Paper 68085.*

Petreski B and Petreska D (2015) "Local development or current expenditures: What purpose are municipal money spent for?" Finance Think Working paper.

Petreski, B., Petreska D., and Kostadinov, A. (2014) "Mind the gap between the budget lines and the programs of the National strategy for poverty reduction. *MPRA Working paper, No.57252.*

Petreski, B. (2009) "Analysis of the effects of bank-system development for the Economic Growth: The case of Macedonia" *NBRM Working Paper*

Petreski, B. (2008) "Concentration of the Banking System: Analysis of the Republic Of Macedonia" *Ministry of Finance Bulletin, 3(4).*

***Општествена дејност***

Благица Петрески е Главен економист и Извршен директор на „Finance Think" Институт за економски истражувања и политики - Скопје. Како истражувач и раководител на институтот, Благица Петрески активно се застапува за подобри економски политики, преку истражување, публикување и јавно дебатирање.

Благица Петрески е дел од тимот добитник на Јапонската Награда за "Исклучително истражување за развој" - Втора награда во светот во 2013 година доделена од Глобалната мрежа за развој и Владата на Јапонија. Во 2010 година, со презентирање на својот магистерски труд, таа ја добила наградата од Народна Банка на Република Македонија за млад истражувач од областа на макроекономијата. Во 2014 година ја добила наградата за најдобар труд од областа на осигурување и ризици од Агенција за

супервизија на осигурувањето. Како млад лидер од Македонија, Бчагица Петрески била учесник и стипендист на Иницијативата за млади трансатлански иновативни лидери (Young Transatlantic Innovation Leaders Initiative (YTILI)), на Стејт Департментот на Соединетите Американски држави.

Како претставник на Република Македонија таа учествувала на Глобалниот Самит на претприемачи во САД во 2016 година и на Годишните средби на Светска банка и ММФ во Вашингтон во 2017 година. Исто така, Благица Петрески е проектен координатор или истражувач на повеќе од 20 истражувачки проекти во Република Македонија и во регионот.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Според приложените биографски податоци има, кандидатот Благица Петрески има соодветно образование - Доктор по економски науки, а истражувачките капацитети ги има надополнето со соодветни престои на реномирани институции во странство. Научно истражувачките активности ги потврдува преку публикувањето на трудови и книги, од кои шест трудови во меѓународни списанија, од коипет во списанија со импакт фактор. Покрај научно истражувачките достигнувања, кандидадот има активен придонес во активностите во рамки на широката општествена сфера во Република Македонија..

Врз основа на гореизнесеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Факултет за деловна економија и организациони науки при Универзитет Американ Колеџ Скопје, д-р Благица Петрески, да биде избрана во звањето *насловен доцент* во научната област применета економија.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

проф. д-р Томе Неновски с.р.
Факултет за деловна економија и организациони науки,
Универзитет Американ Колеџ Скопје

проф. д-р Евица Делова-Јолевска с.р.
Факултет за деловна економија и организациони науки,
Универзитет Американ Колеџ Скопје

проф. д-р Никица Мојсоска-Блажевски с.р.
Факултет за деловна економија и организациони науки,
Универзитет Американ Колеџ Скопје

# BULLETIN

OF THE UNIVERSITY AMERICAN COLLEGE SKOPJE

ISSN 1857-5323